**Известување за концентрација со која Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво, Грција ќе стекне единствена контрола директно над друштвата: Феликс Рењувабл Холдингс С.Р.Л., Република Романија, ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л., Република Романија и индиректна контрола над Овидиу Девелопмент С.А., Република Романија, Томис Тим С.А., Република Романија и М.В. Тим Инвест С.Р.Л., Република Романија**

**(предмет бр. 08- 128 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 29.08.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнувањето на единствена контрола од страна на Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво со седиште на 30 Халкокондили ул.10432, Атина, Република Грција над друштвата: Феликс Рењувабл Холдингс С.Р.Л. со седиште на 15 Плоштад Шарл де Гол, 5-ти кат, Округ 1, Букурешт, Република Романија и ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л. со седиште на 4Б ул. Примаверии, кат 1, Решита, Округ Караш-Северин, Република Романија и индиректна контрола над друштвата: Овидиу Девелопмент С.А. со седиште на 2Б ул. Ион Ионеску Де Ла Брад, кат 2, канцеларија 1, Округ 1, Букурешт, Република Романија, Томис Тим С.А. со седиште на 2Б ул. Ион Ионеску Де Ла Брад, кат 2, канцеларија 2, Округ 1, Букурешт, Република Романија и М.В. Тим Инвест С.Р.Л. со седиште на 2Б ул. Ион Ионеску Де Ла Брад, кат 2, канцеларија 3, Округ 1, Букурешт, Република Романија.

**-Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво** е водечки производител и снабдувач на електрична енергија во Грција. Јавно претпријатие за електрична енергија акционерско друштво е владејачко друштво на Групацијата ППК.

Главните активности на Групацијата ППК опфаќаат производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во Грција и во Романија. ППК Групацијата е активна и во малопродажба на електрични апарати и електроника

Во Северна Македонија, ППК, директно, има едно регистрирано зависно друштво - Друштво за трговија и услуги ЕНЕРЏИ ДЕЛИВЕРИ СОЛУШНС АД Скопје, друштво основано според законите на Северна Македонија, со адреса на Столтенбергова бр.4, зграда 1/Б5-1 1/кат СУ бр. 4, Центар, Скопје, Северна Македонија и регистрираната приоритетна дејност - трговија на електрична енергија.

**-Феликс Рењувабл Холдингс С.Р.Л.** е холдинг друштво.

**-Томис Тим С.А.**, **Овидиу Девелопмент С.А.** и **ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л.** оперираат со неколку постројки за производство на електрична енергија (ветерни, микро-хидро и фотонапонски електрани) со вкупен капацитет од приближно 629 MW.

**-М.В. Тим Инвест С.Р.Л.** е сопственик на еден од ветерните паркови кои се управувани од Томис Тим.

**-ТМК Хидроенерџи Пауер С.Р.Л.**, **Овидиу Девелопмент С.А.** и **Томис Тим С.А.** се исто така корисници на Шемата за поддршка на зелените сертификати (Green Certificates Support Scheme) што е во сила во Романија, воведена со цел да се поттикнат инвестициите во производството на електрична енергија од обновливи извори (електрична енергија од ОИЕ).

Целните друштва немаат регистрирани зависни друштва или подружници во Република Северна Македонија.

За целите на ова Известување, релевантните пазари на производи може да се дефинира како пазар за производство и снабдување со електрична енергија на големо во Северна Македонија и пазар за снабдување со електрична енергија на мало во Северна Македонија

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

30.08.2024 година

Скопје